Врз основа на член 6 став (2) од Законот за ветеринарно медицински помагала (Службен Весник на Република Македонија 42/2010), Минисерството за земјоделство, шумарство и водостопанство објавува

Јавен Повик бр 1/2011
по прв пат за пријави за членови во Комисијата за ветеринарно медицински препарати

ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.Носителот на повикот Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство , со седиште на ул. Јуриј Гагарин 15, Скопје.

2.Предмет на огласот е прибирање понуди за надворешни членови во Комисијата за ветерeринарно медицинси препарати согласно член 6 од Законот за ветеринарно медицински препарати.

УСЛОВИ НА ОГЛАСОТ

Понудувачот треба да имаат соодветна професионална стручна и научна квалификација од областа на ветеринарната медицина или фармацијата, а посебно:

- Да е државјанин на Република Македонија.
- Соодветно професионална квалификација (Факултет по Ветеринарна Медицина или Фармацевтски Факултет).
- Постдипломско образование од областа на фармација или ветеринарна медицина.
- Познавање на англиски јазик.
- Непостоење на конфликт на интереси во однос на активностите на Комисијата.
- Соодветно искуство во производството, прометот и употребата на ветеринарно медицинските препарати.
- Соодветно искуство во процедурите и постапките на одобрување на ветеринарно медицинските препрати.

ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР

1. Постапката за избор се спроведува комисиски од комисија формирана од Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

ДОСТАВУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ПРИЈАВАТА:

1.Пријавата треба да содржи:

- Основни податоци за кандидатот: Име и презиме, матичен број, адреса на живеење, контакт информации.
- професионална стручна и научна квалификација;

образовен профил и професионални квалификации;
- список на референци;
- документите по повикот за потврда на исполнување на условите на огласот.

2. Документите треба да бидат во оригинал или копија заверена кај нотар.

РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

1.Рок на доставување на понудите е 8 дена од денот на објавувањето (вклучувајќи го и денот на објавувањето).

2.Понудите се испраќаат во затворен плик.

Надворешниот плик во горниот лев агол треба да носи ознака “не отворај” и бројот на повикот. Тој не треба да содржи никаква ознака со која би можел да се идентификува понудувачот. Во средината на пликот треба да биде назначена адресата на набавувачот.
Внатрешниот плик ја содржи докуменацијата по огласот.

Понудата се доставува преку пошта или во архивата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (ул. Јуриј Гагарин 15 Скопје) со задача да се обезбедат докази за датумот на понудата.

Секој субјект може да учествува само со една понуда.
Понудите кои не се предадени во рокот, како и оние кои не се изработени според пропозициите на барањето, нема да бидат разгледувани.